# Измена на А-дозвола за усогласување со оперативен план

**Име на компанијата**
**Друштво за производство на акумулатори ТАБ МАК ДОО Пробиштип**
**Адреса ул. ЈНА бр. 50**
**Поштенски број и град 2210 Пробиштип**

**Број на дозвола**

**Министерство за животна средина и просторно планирање**
Бул. Гоце Делчев бр.18 1000 Скопје

# Содржина

Измена А-дозвола за усогласување со оперативен план....................................... и

Содржина.................................................................................................................. ии

1 Вовед....................................................................................................................ив

Погон за производство на олово од секундарни суровини - Рециклажа .................ив

Дозвола ...................................................................................................................... 1

Инсталација за која се издава дозволата ........................................................... 2

1.2 Техники на управување и контрола ........................................................................ 5

1.3 Суровини (вклучувајќи и вода) ................................................................................ 6

1.4 Техники на работа 7

1.5 Заштита на подземните води ................................................................................ 12

1.6 Ракување и складирање на отпадот .......................................................................13

1.7 Преработка и одлагање на отпад ............................................................................ 14

1.8 Спречување и контрола на несакани дејствија ........................................................ 16

1.9 Бучава и вибрации ..........................................................................17

1.10 Мониторинг ..........................................................................17

1.11 Престанок на работа .......................................................................... 18

1.12 Инсталации со повеќе оператори ............................................................................ 19

2 Документација............................................................................................... 20

3 Редовни извештаи ........................................................................................... 21

4 Известувања.. ................................................................................................... 22

5 Емисии............................................................................................................... 23

5.1 Емисии во воздух ..........................................................................23

5.2 Емисии во почва ..........................................................................27

5.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)...........................................27

5.4 Емисии во канализација ..........................................................................28

6.5 Емисии на топлина ..........................................................................31

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води.......................................... 32

8 Услови надвор од локацијата ........ 33

9 Оперативен план ........ 34

10 Договор за промени во пишана форма ........ 39

Додаток 1 ........ 40

Додаток 2 ........ 41

# 1 Вовед

## Овие воведни белешки не се дел од дозволата

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/2010,124/2010,51/2011,123/2012,93/2013, 187/2013,42/2014) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола, односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување барање заусогласување со оперативен план(“Службен весник на РМ” бр.89/2005, до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата за која се издава дозволата

Инсталацијата на ТАБ МАК ДОО Пробиштип за која што се бара дозволата се состои од:

Погон за производство на плочи и монтажа на акумулатори за сите видови возила и

индустриски батерии;

Погон за производство на олово од секундарни суровини.

**Погон за производство на олово од секундарни суровини - Рециклажа**

Овој погон се состои од две одделенија:

Одделение за кршење и сепарација на отпадни оловни кисели батерии и

Одделение за производство на олово и оловно-антимонова легура од секундарни суровини

Основата на процесот го чинат кршењето на акумулаторите и одделувањето на компонентите една од друга. Цели отпадни акумулатори (со максимална должина од 610 (mm) и максимална маса од 45 (kg)) вклучително со куќишта, капачиња и киселина се носат во одделот за дробење. Рачно еден по еден се поставуваат на траками транспортер со променлива брзина кој што ги шаржира во сипката на дробилката.Дробилката е опремена со чекани кои што се обесени на дискови, а тие пак се монтирани на ротирачка осовина. Чеканите ги кршат акумулаторите и нивната внатрешност на мали парчиња.Столбчињата, конекторите и некои поголеми парчиња од решетките излегуваат од дробилката како потешки оловни парчиња.Пастата од решетките се ситнува и се испира со континуиран проток од раствор од сулфурна киселина, што се пумпа од резервоарот за сепарација.Ебонитните кутии се кршат на мноштво ситни парчиња, додека

полопропиленските кутии и капаците се кршат во вид на стапчиња или ленти или парчиња од средна големина. Електролитот од акумулаторите кои се шаржираат во дробилката станува дел од растворот, што рециркулира од резервоарот за сепарација кон дробилката заради испирање и ладење. Сите фракции од дробилката преку решетка поставена на нејзиното дно доаѓаат во полжавест транспортер. Тоа овозможува да се лимитира големината на парчињата, бидејќи поголемите остануваат на решетката сé додека не се уситнат доволно, за да минат низ отворите Компонентите на акумулаторите што излегуваат од дробилката се одделуваат по пат на гравитација и сеење во низа на сита.Најнапред, искршените компоненти се испуштаат на подвижно сито низ кое со млазови од рециркулациониот раствор за испирање под висок притисок се испира пастата.Пастата која минува низ ситото пропаѓа во првиот резервоар во кој се таложи, а од него се извлекува со екстрактор од типот “Redler”.Крупната фракција, која ја чинат полипропилен, сепаратори и поголеми оловни парчиња доаѓа во вториот резервоар, во кој најтешката фракција, металните делови како столбчиња, контакти и делови од решетките се таложат, додека полесните делови на полипропиленот и сепараторите се изнесуваат од резервоарот со континуиран нагорен проток на раствор што се пумпа од првиот резервоар низ дното од вториот.Металните парчиња исталожени на дното од резервоарот се изнесуваат со полжавест транспортер и пред испустот од него се испираат од евентуално заостанатата паста со технолошка вода низ специјално поставени прскалки.Полесните фракции се изнесуваат од вториот резервоар на второ континуирано подвижно сито на кое се испира заостанатата паста од сепараторите и полипропиленот. Пастата паѓа во третиот резервоар во кој се таложи, а од него се извлекува со екстрактор од типот “Redler”.Пастата од првиот и третиот резервоар се собира и се носи во складирниот простор со помош на полжавести транспортери.Растворот од третиот резервоар се пумпа во две затворени кола. Едното води преку дробилката за испирање на искршените делови од акумулаторите, а другото низ дното на резервоарите за метални парчиња, за да створи нагорен проток со кој се separираат тешките парчиња.Вишокот раствор од третиот резервоар истекува во таложници од кои што се упатува во постројката за третман на отпадните води или се враќа во рециркулација во системот за сепарација.Крупните парчиња од второто подвижно сито се испуштаат во четвртиот резервоар во кој што полипропиленот исплива додека ебонитот, полиетиленот, поливинилхлоридот и сепараторите од стаклено влакно пропаѓаат на дното.Полипропиленската фракција се извлекува со помош на полжавест транспортер во кој што се врши и финално перење со технолошка вода.Ебонитот и сепараторите се отстрануваат со друг полжавест транспортер по финалното испирање со технолошка вода. Според тоа системот за дробење и сепарација генерира пет различни фракции. Метално олово и PbSb легура кои се состојат од столбчиња, конектори и парчиња од решетки со 4 - 5 % влага, Паста што ја чинат сулфати оксиди на оловото како и фини метални парчиња од решетките. Содржината на влага во пастата е 30 до 40 %,

- Полипропиленски чипс е погоден за рециклирање кој според договор се предава на понатамошна преработка,

- Ебонитот и сепараторите, што во основа претставуваат отпад се одлагаат во големи полиетиленски вреќи и се транспортираат на депонијата Дрисла,

- Кисел раствор со сулфати и оксиди на олово во суспензија се упатува на третман во постројката за отпадни води.

**Подготовка на шаржа** Со оглед на работниот волумен на печката во неа може да се шаржира најмногу 3 (t) материјал за еден циклус. Ако пак шаржата се ограничи на паста, тогаш капацитетот се намалува зависно од состојбата на пастата. Растресита паста која не минала низ фазата на десулфуризација и филтрирање низ филтер преса може да има насип на густина и под 2500 ($kg/m^3$). Печката може да прими само 2000 (kg) таква паста и околу 300 (kg) додатоци со што се исполнува работниот волумен од 1 ($m^3$).

**Топење** Топењето се изведува во две идентични куси ротациони печки секоја со работен волумен од 1 ($m^3$). Основните димензии на печката се дадени на Слика 18. Во процесот на топење оловото од хемиските соединенија (оксид карбонат диоксид) се редуцира до елементарна форма и како растоп се собира на дното на печката.Дел од примесите во шаржата, вклучувајќи го антимонот, се раствораат во растопеното олово и се излеваат со него на крајот од процесот.Најголемиот дел од сулфурот заостанат по десулфуризацијата на пастата се врзува со натриумот и железото и заедно со оксидите од пепелта од јагленот ја сочинуваат троската.Основниот колектор на сулфурот е железото. Железото се оксидира до FeS со истовремена редукција на $PbSO_4$ до Pb.Вишокот сулфур присутен во шаржата од оној што може да го врзе железото реагира со содата и продуктот се раствора во троската како $Na_2S$.Теоретскиот однос Fe:S според горната реакција е 0,5:1. Меѓутоа според светската практика во обичаениот однос е 2:1. Се разбира тој варира од шаржа до шаржа поради променливоста на составот на шаржата.Шаржата за топење се состои од метални оловни парчиња паста, железни струготини или парчиња и калцинирана сода. Железото има улога на колектор на сулфурот кој го фиксира како FeS. $Na_2CO_3$ е топител чија улога е да ја снижи температурата на топење и да ја намали вискозноста на троската.Според фазниот дијаграм $Na_2S$-FeS зголемениот содржај на железо е поврзан со повисоки температури на топење. Така при концентрација на FeS од 80 % температурата на процесот треба да биде најмалку 975°C, пред цврстите FeS и $FeSNa_2S$ да се растопат.Гасовите од согорување на горивото како и оние што се создаваат во процесот се извлекуваат со вентилатори преку филтер со патрони и се исфрлаат во атмосферата. Секоја од печките има сопствен систем од вентилатор и филтер со патрони.

**Одбакрување** Со оглед на тоа дека како шаржа во погонот се користат само отпадни акумулатори и отпад од производство на акумулатори, нечистотиите во суровото секундарно олово се исклучиво во врска со примесите во акумулаторското олово, односно со готовите акумулатори, како и додатоците кои се користат во процесот на преработката како редуцентот, содата и железните струготини.Основните примеси од кои треба да се ослободи оловото се бакарот (најчесто доаѓа со клеми од месинг) антимонот и евентуално арсенот и калајот. Грубо одбакрување на оловото е можно со оставање на растопот полека да се лади со што се намалува растворливоста на бакарот во оловото и се одделуваат кристали на бакар и интерметални соединенија со другите примеси.Меѓутоа на овој начин може да се постигне 0,1 – 0,2 % бакар во оловото. Теоретската граница од 0,06 % практично не е достапна бидејќи растопот треба несразмерно долго време да се држи на температура блиска на точката на топење на оловото.Од друга страна концентрацијата на бакар во оловото добиено од

кусата ротациона печка е помала и од теоретското ниво па така грубото одбакрување воопшто нема смисла.

**Производство на оловен оксид од 1000 (kg PbO / h)** Во уредот за производство на оловен оксид се добива од суровина што претставува рафинирно олово од 99,985 %. Производство на олово оксид започнува со леење оловни валци во машина за леење валци. Стопеното чисто олово се подготвува во печката за топење и се истура во калапи за леење валци. Формираните валци со помош на елеватор транспортер се пренесуваат во силос за леани валци од каде што автоматски се дозираат во млинот каде што по пат на автогено триење се мелат и се добива оловен оксид во прав. Оловниот оксид се транспортира од филтерот по затворен систем на полжавести транспортери и два затворени елеватори за оловен оксид (капацитет од еден силос 45 (t)). Преносот на оксидот од силосот до местото на користење се регулира со полжавести транспортери.

**Производство на решетки Решетки со топење и леење** Топење на оловните легури се одвива во автоматски машини за леење DAGA, TBS, HADI.Леењето се врши гравиметриски во трајни калапи кои се загреваат со електрична енергија. Со цел да се задржи работната температура на топење на легурата од олово поставени се електрични греачи, додека за млазно сечење и топење на оловото се поставени горилници. По завршувањето на леењето калапот автоматски се отвора така да одливокот директно паѓа врз подвижна лента која го пренесува одливокот до ножот за сечење на одливци и кој ги фрла исечени во правилна форма. Исечоците што се задржуваат на подвижната лента се враќаат назад кон печката.

**Технолошки процес за леарница** Во одделението леарница се инсталирани три машини за леење на решетки . Појдовна суровина за овие полупроизводи е олово-антимоновата легура која со помош на виљушкар се донесува во оваа одделение. Олово-антимоновата легура се растопува во казан кој се загрева со пропан-бутан гас. Секоја машина за леење на решетки има казан кој ја храни машината и може да собере 450 (kg) олово-антимонова легура. Материјалот од кој се изработени казаните е котловски лим отпорен на температура. Согорените гасови од ложиштето на казанот преку гасовод и оџак се исфрлаат во атмосферата, а за секоја машина има посебен извод. Загревањето и топењето на олово-антимоновата легура е индиректно. Согорените гасови од пропан бутанот не се мешаат со гасовите од растопената олово-антимонова легура, бидејќи топлината и гасовите од горивото поминуваат низ огноотпорна цевка со пречник надворешен од 100 (mm) и дебелина на зидот од 3,6 (mm), која е потопена во казанот. Оваа цевка е поставена во казанот хоризонтално, а краевите од цевката се во вертикална положба. Горивото влегува од едниот крај на цевката, а од другиот крај на цевката согорените гасови преку оџакот излегуваат во атмосферата. Затоа преносот на топлина од горивото врз олово-антимоновата легура е индиректен.

Над секоја ливечка машина е поставена хауба која има улога да ги собира гасовите кои се создаваат над калупите за леење на решетки. Сите хауби и изводи над казаните се поврзани со еден канал кој е поврзан со вентилатор кој има капацитет 15000 ($m^3$/h). Преку вентилаторот се исфрлаат овие гасови во атмосферата. Нуспродуктот (троската или згурата) што се создава на површината од растопената легура се собира со помош на посебни алатки во метални сандучиња и со виљушкар се носи во погон за рециклирање. Технолошкиот отпад при леење на решетки се враќа во казанот и повторно се претопува. Капацитетот на една машина за леење на

решетки е 10 (одливци /мин.) или 1,1-2,0 (kg/min).Излеаните решетки се редат на дрвени палети во количина од 4000 парчиња и се сместуваат во погонското складиште на метални регали.

**Решетки со пластична деформација (експандирање)** Производството на решетки со експандирање се реализира на машина за експандирање ROCHE.Влезната суровина е оловна лента што поминува низ алатот за експандирање. При тоа се оформува изгледот на решетката. Потоа се намотува на макара за понатамошна доработка.

**Подготовка на оловна паста** Подготовка на оловна паста се одвива во мешалка за оловна паста MARS.Постапката на мешање на пастата е автоматизиран. Во програмата за мешање е вметната програма за двете позитивна и негативна паста при што количините на адитиви, време на додавање, начин на ладење и времето на мешање на пастата воведени како оперативни параметри на миксерот. За производство на паста во миксерот за паста, од силос за дозирање на потребната количина на оловен оксид и другите адитиви лушпи експандер (за негативната паста) вода и киселина.

**Пастирање** Пастирањето е механичко нанесување (таложење) на оловната паста во одливците на оловната решетка или проширената оловна лента. Оловната паста постојано се дозира во машината за пастирање. Пастирната машина се состои од единица за нанесување на оловната паста, тунел за сушење и чистење на вишокот паста. По пастирањето плочите патуваат низ тунел за сушење каде што површински се сушат.По излегување од тунелот за сушење плочите се редат на палети.

**Зреење и сушење** Следува процесот на зреење и сушење на сурови пастирани акумулаторски плочи што се одвива во затворени сушни комори. Во првата фаза се одвива зреење. Ова е егзотермичка хемиска реакција меѓу сулфурна киселина и олово во прав кој се оксидира за да се добие оловен оксид. Откако наведената хемиска реакција ќе заврши процесот на зреење е завршен тогаш се одвива втората фаза таканаречена фаза на сушење.

**Производство на акумулаторски плочи според постапката суво полнење (DRY FILLING)** Со процесот на суво полнење се произведуваат позитивни плочи. Производствениот процес овде започнува со топење на оловото и истурање во цилиндрични позитивни оловни мрежи.**Топење и леење** Топење на оловни легури (PbSb050 и PbSb090) и леење во цилиндрични позитивни решетки за индустриски батерии се одвива под притисок на машина за леење со капацитет на ливниот котел од 8,812 (t/ден). Оловната легура со одреден состав се полни во електрични ливен котел и се лее еднаш во една смена. При замена на легура е потребно котелот целосно да се испразни и исчисти. Пред леење калапите во кои се лее се обложуваат со лубрикант Hadilin K95/II треба да се разреди пред употреба со вода во соднос од 1:2 (еден дел Hadilin два дела вода). Мешањето се изведува автоматски во садот за лубрикантот со помош на системот за мешање. Оловото стопено во котелот под притисок се компримира во калапот каде што одливокот се лади под точката на топење. За одржување на работната температура на калапот се поставени електрични грејачи. По лиењето позитивните решетки се режат а делови од одливките континуирано се враќаат во котелот Вибрациони цевчести позитивни плочи Во постапката на суво полнење не се доведува паста што е подготвена туку цилиндричните полиестерски вреќи кои се навлечени на позитивните цилиндрични мрежни одливки наменети за индустриски батерии се пополнуваат со мешавина од оловен оксид миниј наречен P10. Процесот се нарекува вибрирање.Вибрирањето се одвива на автоматска машина за вибрирање TUDOR за вибрирање на позитивните плочи. По завршување на вибрирањето дното на плочата се запечатува со лента за запечатување со што се спречува губење на мешавина на прашокот од цевките. Постапката е проследена со процес на сулфатирање. Сулфатизацијата на плочите се изведува во кади за сулфатизација со сулфурна киселина. Плочите се наредени на киселоотпорни метални колички со потребното растојание за истекување на киселината. Количките со плочи се потопуваат во када за сулфатирање во која сулфурната киселина е со густина од 1,13 ± 0,005 (kg/l) на 20°C. Потоа плочите ги креваме од киселината. Така сулфатизираните плочи кои содржат околу 13-20 % олово сулфат $PbSO_4$. Кога плочите ќе се исцедат од вишокот на киселина се мијат нежно со воден млаз. Плочите ги оставаме на количките толку долго додека од нив не истече целата вода. Металните колички со сулфатираните позитивни плочи потоа веднаш се транспортираат до комората за сушење за да се исушат.Сушење на цилиндричните позитивни плочи дизајнирани според постапката на суво полнење се одвива во две комори за зреење и сушењеЛеење на мали делови При монтажа се користат и мали делови како што се изводите, мостови, спојници и др. Тие можат да бидат обликувани машински и со рака. Монтажа на акумулаторите и индустриските батерии кај сите четири линии започнува со завиткување на плочите во полиетиленски сепаратор (PE). Вработен ги подготвува посебно позитивните и негативните плочи. Машината за обвиткување плочи Tekmax 2000 на монтажната линија ги обвиткува плочите (обично тоа се негативните плочи) со сепаратор по што се додаваат на позитивната плоча. На крајот од процесот на обвиткување се добиваат плочести пакети со соодветна структура. Пакетите со плочи работникот на линијата ги вметнува во COS машината каде што првично се порамнуваат, а потоа знамињата се натопуваат со флукс. Следи заварување на половите знаменца, половиот мост со прегревање и топење на знамињата и со додавање на оловна легура што содржи Sb во количина таква што ги исполнува калапот и формираат полов мост со соодветна дебелина и облик. Така добиените плочи (6 парч.) на линијата за монтажа се ставаат во полопропиленско куќиште на акумулаторот. Првиот и последниот елемент имаат

полови изводи додека другите четири елементи се без изводи. Пред вметнување на елементот во ќелија на полопропиленско куќиште се врши пробивање на ќелијните ѕидови помеѓу соседните ќелии во куќиштето. Во одредени типови на акумулаторски кутии на дното на наведениот сад исто така се нанесува лепило (hotmelt) што дополнително го затегнува елементот со телото на садот. На сите монтажни линии, потоа акумулаторските кутии со елементите патуваат по подвижна лента до првата контролна точка. На првата контролна точка со помош на оптичка камера се проверува поларитетот и ориентацијата на позитивниот пол. Ако овие два услови не се исполнети батеријата се отстранува. Ако е поинаку тогаш продолжува стрес тест за можни кратки споеви. Процесот на заварување на капакот на садот се базира на својствата на полипропиленот што при покачена температура омекнува до тој степен што помеѓу две површини може да се спои и потоа при ладење под притисок да се постигне прилепување и заварливост на материјалот што го обезбедува потребното запечатување на куќиштето на акумулаторот. Со помош на грејна плоча која го има од двете страни обликот за заварување ја загреваме површината што се приготвува за заварување. По оддалечување на грејната плоча садот и капакот се спојуваат при што ги оставаме да се изладат а со тоа постигнуваме затворање на кутијата. Следно е автоматско заварување на изводите (прегревање и топење со додавање на олово на начин да им даде на изводите соодветна дебелина и облик). Се користи водено ладење. На крајот на линијата се извршува проверка на дихтување на акумулаторот и означување на следливоста со означување на кодот на капакот. Проверка на истекување се врши под притисок од 0,32-0,35 (bar). Ако акумулаторот не исполнува ни блиску од бараното автоматски се исфрла. Произведените батерии патуваат на транспортна лента до местото каде што автоматски се ставаат на палети, се пакуваат ичуваат.

**Подготовка на електролит за стартер акумулатори и индустриски батерии**

Подготовка на електролит разредување на сулфурна киселина се врши на уредот за подготовка на електролит каде што концентрираната сулфурна киселина се разредува. Разредувањето се врши со деминерализирана вода која е подготвена со помош на двојонски изменувачи во уредот за разредување на електролитот на концентрираната сулфурна киселина со густина ~ 1,85 (gr/cm) во разредена сулфурна киселина со различни густини 1,40 (gr/cm) за корекција на електролитот и за пастирната линија и други работни густини на првото налевање. Сите киселини се чуваат во резервоари со капацитет од 4 ($м^3$).

**Формирање**

Формирање на акумулаторите се одвива на маси за формирање. Формирањето е конверзија на оксидно-сулфатни активни материи со електрохемиска реакција што се одвива во сулфурно киселиот електролит при поврзување со еднонасочна струја.Зелените батерии (батерии што се направени на линијата за монтажа од созреани и исушени плочи) ги полниме со електролит. Батериите се сериски поврзани со оловни врски. Кога сите батерии се поврзани едни со други и се приклучени формирните гранки дежурниот во формација го вклучува формирањето на батериите.Прво масата на која се формираат батериите се полни со вода која циркулира низ масите за формирање при што се лади батеријата во текот формирањето на истите.Тоа е проследено со проверка на поврзување на батериите едни со други со користење на ниска струја. Кога ќе се заврши електричното тестирање продолжува програмата за формација што се состои од различни чекори. Во секој чекор постојат различни вредности на текот. Температурата за време на формирање треба да биде пониска од 60°C. Формирање трае во зависност од видот на батериите. За стартер батериите времето на формирање е 40 часа, а на индустриските

батерии е 48 часа.Дежурниот во формација на редовни интервали на секои два часа ја мери температурата на електролитот во поединечните батерии.Во последната секвенца на полнење (формирање) покрај температура уште мери густина на електролитот и напон во батериите.По завршувањето на формирањето електролитот се отстранува од формираните акумулатори. Батериите се одврзуваат проследено со повторно полнење електролит, наврутување на завртки, миење, сушење, тестирање ("шок тест"), етикетирање и пакување.

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| **Весна-САП ДОО Скопје, Подружница Весна САП Пробиштип** | 11-2486/2 | **09.03.2010год** |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| | | |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било какаква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адресата **Бул. Гоце Делчев бр 18., Скопје, Република Македонија.**

.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

### Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

### Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата , Операторот го известува органот . Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

### Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање Бр. | Добиено | |
| Барање за пренос на А-ИЕД за усогласување со ОП бр.371/1 | 10.01.2014 год | |
| Барање за измена на А-ИЕД за усогласување со ОП бр.371/2 | 10.01.2014 год | |
| Објава на барање за пренос и измена на А-ИЕД за усогласување со ОП бр. 11-371/3 | 31.01.2014 год | |
| Објава на Нацрт измена на А-дозвола за усогласување со ОП Бр. 11-371/5 | 25.03.2014 год | |
| Одлука за отпочнување на постапка за преговарање за добивање на А- дозвола за усогласување со ОП Бр. 11-4520/2 | 11.04.2014 год | |
| Записник бр.1 од преговори за измена на А-дозвола за усогласување со ОП Бр. 11-4322/1 | 08.04. 2014 год | |
| Записник од извршен инспекциски надзор Бр. 13-68 | 19.05. 2014 год | |
| Одлучено позитивно издадена А- дозвола за усогласување со ОП | | |

# Дозвола

Број на дозвола :

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Сл. весник Бр53/05), го овластува

**Име на компанија**

**Друштво за производство на акумулатори**

**ТАБ МАК ДОО Пробиштип**

со регистрирано седиште на

**Адреса**

**Ул. ЈНА бр. 50.**

**Поштенски број**

**2210 Пробиштип**

**Република Македонија**

**Број на регистрација на компанијата 5539218**

да раководи со Инсталацијата

**Друштво за производство на акумулатори**

**ТАБ МАК ДОО Пробиштип**

**Адреса**

**Ул. ЈНА бр. 50**

**2210 Пробиштип, Република Македонија**

во рамките на дозволата и условите во неа.

МИНИСТЕР

**Nurhan Izairi**

# Услови

## Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови | Опис на наведената активност | Граници на наведената активност |
| Прилог 1<br>2.5 (а) Инсталации за производство на обоени метали од руди, концентрати или секундарни суровини со металуршки, хемиски или со електролитски постапки<br>2.5 (б) Инсталации за топење вклучувајки и легирање на обоени метали, вклучувајки ги повторно добиените производи (рафинација, леење итн.) со капацитет на топење над 4 т/ден олово и кадмиум или над 20 т/ден за сите други метали. | Преработка на стари акомулаторси батерии и добивање на 24.000 (t/год.) рафинирано олово (оловни инготи)<br>Производство на 1 000 000 парчиња акумулатори за сите видови возила и 500.000 парчиња иindustриски акомулатори | Производството во инсталацијата ќе се одвива само во погоните означени во скицата дадена подолу. |

| **Координати на локацијата според Националниот координатен систем (10 цифри - 5 Исток 5 Север)** | **598463 E, 4648181 N** |
|---|---|

1.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документација |
| Сателитска слика на инсталацијата ТАБ МАК ДОО Пробиштип | Дополна на барањето за дозвола за усогласување со ОП. додаток I.2 |




Слика 3-сателитски поглед на погоните во ТАБ МАК ДОО во кои се одвива производството




Оваа дозвола се однесува само за објектите кои што на скицата се означени со броевите 1,2,3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,14,16 и 17.

1.1.2 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животната средина (Службен Весник на РМ 53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,124/2010,51/2011,123/2012 и 93/2013 ) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.1.3 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите програми кои треба да се извршат според условите на оваа Дозвола стануваат дел од дозволата.

„

# Работа на инсталацијата

## 1.2 Техники на управување и контрола

1.2.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.1.1 : Управување и контрола | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Управување и контрола на инсталацијата | Дополна на барањето,додаток III | 10.01.2014 год |
| Организациона структура на управувањето | Дополна на барањето,додаток III.1.2 | 10.01.2014 год |
| Системи за намалување на емисиите и третман | Дополна на барањето,додаток III.1.4 | 10.01.2014 год |
| Калибрација и одржување | Дополна на барањето,додаток III.1.5 | 10.01.2014 год |
| Систем за управување со квалитет | Дополна на барањето,додаток III.1.6 | 10.01.2014 год |
| Систем за управување со животната средина | Дополна на барањето,додаток III.1.7 | 10.01.2014 год |

1.2.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата,ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

1.2.3 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од дозволата.

1.2.4 Копија од оваа дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува дозволата ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од дозволата.

1.2.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите од дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршувањето на нивните обврски.

1.2.6 Инсталацијата Таб Мак ДОО Пробиштип нема воспоставено систем за управување со животната средина ,односно не поседува сертификат за ISO 9001/2000, ISO 14001/2000.

1.2.7 Операторот ќе изготви распоред на целите И задачите за заштита на животната средина, сокомплетен преглед на сите операции, процеси, опции И можности кои овозможуваат поголема искористеност на енергијата И ресурсите како И можностите кои вклучуваат намалување на отпадот.

1.2.8 Операторот ќе му достави на Надлежниот орган програма за управување со животната средина (ПУЖС) за одобрување, во којашто ќе биде вклучена и временска рамка за остварување на целите и задачите за животната средина подготвени во условот 2.1.8. По одобрување на програмата, Операторот треба истата да ја постави и да ја одржува. Таа ќе содржи:

- Распределба на одговорностите за задачите;
- Средства со кои тие може да се остварат;
- Време во кое тие може да се достигнат.

ПУЖС ќе се разгледува еднаш годишно на секои 12 месеци и соодветните дополненија ќе се доставуваат до Надлежниот орган за одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС) (услов 2.1.8).

Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7 (седум) години и ќе се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

## 1.3 Суровини (вклучувајќи и вода)

1.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

1.3.2 Се задолжува инстралацијата да во рок од шест месеци ја обезбедат потребната дозвола за користење на водата за пиење како и за потребната вода за технолошкиот процес согласно законските прописи.

**Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)**

| Опис | Документ | Дата кога е применo |
|---|---|---|
| Детали за суровини, меѓупроизводи, производи, итн. поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создадени на локацијата | Дополна на барањето ,Анекс 1, табела 4.1.1 | 10.01.2014 год |

| | | |
|---|---|---|
| Детали за суровини, меѓупроизводи, производи, итн. поврзани со процесите, а кои се употребуваат или создадени на локацијата | Дополна на барањето ,Анекс1, табела 4.1.2 | 10.01.2014 год |
| Потрошувачка на вода | Дополна на барањето, додаток 4.1.3 | 10.01.2014 год |
| Потрошувачка на енергенти | Дополна на барањето ,додаток 4.2.5 | 10.01.2014 год |
| Складирање и ракување со суровини, помошни материјали, производи и отпад | Дополна на барањето ,додаток 5.1.1 | 10.01.2014 год |

## 1.4 Техники на работа

1.4.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

1.4.2 Се препорачува намалување на отпадот добиен при топење на старите оловно киселински батерии да се сведе до максимално можно ниво односно до степен до кој тоа е технички и економски изводливо и безбедно за животната средина согласно со постојните стандарди за животната средина.

1.4.3 Се забранува преработка на никел кадмиумски батерии, односно дозволата се однесува само на преработка на оловно киселински батерии.

1.4.4 Се препорачува доколку е тоа возможно да се намали количината на која се користи во технолошкиот процес,а со цел да се намали количината на вода која се испушта во реципиентот.

1.4.5 Се задолжува инсталацијата да сите цевководи ги одржува во добра работна кондиција како превентивна мерка за спречување на хаварии

**Табела 2.3.1 : Техники на работа**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
|---|---|---|
| Опис на технолошкиот процес за производство на стартер и индустриски батерии | Дополна на барањето ,додаток II.2 | 10.01.2014 год |
| Производство на оловен оксид од 1000 (кг ПбО/ х) | Дополна на барањето ,додаток II.2.1 | 10.01.2014 год |
| Производство на решетки | Дополна на барањето ,додаток II.2.2 | 10.01.2014 год |

| | | |
|---|---|---|
| Подготовка на оловна паста | Дополна на барањето ,додаток II.2.3 | 10.01.2014 год |
| Пастирање | Дополна на барањето ,додаток II.2.4 | 10.01.2014 год |
| Зреење и сушење | Дополна на барањето ,додаток II.2.5 | 10.01.2014 год |
| Погон за производство на плочи и монтажа на акумулатори за сите видови возила и индустриски батерии | Дополна на барањето ,додаток II.3 | 10.01.2014 год |
| Производство на акумулаторски плочи според постапката суво полнење (DRY FILLING) | Дополна на барањето ,додаток II.3.1 | 10.01.2014 год |
| Топење и леење | Дополна на барањето ,додаток II.3.1.1 | 10.01.2014 год |
| Вибрациони цевчести позитивни плочи | Дополна на барањето ,додаток II.3.1.2 | 10.01.2014 год |
| Сушење | Дополна на барањето ,додаток II.3.1.3 | 10.01.2014 год |
| Леење на мали делови | Дополна на барањето ,додаток II.3.1.4 | 10.01.2014 год |
| Подготовка на електролит за стартер акумулатори и индустриски батерии | Дополна на барањето ,додаток II.3.1.6 | 10.01.2014 год |
| Формирање | Дополна на барањето ,додаток II.3.1.7 | 10.01.2014 год |
| Погон за производство на олово од секундарни суровини - Рециклажа | Дополна на барањето ,додаток II.4 | 10.01.2014 год |
| Третман и испуштање на отпадните води | Дополна на барањето ,додаток II.5 | 10.01.2014 год |
| Мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот. | Дополна на барањето ,додаток VIII.1 | 10.01.2014 год |
| Мерки за намалувањее на загадувањето по процесот | Дополна на барањето ,додаток VIII.2 | 10.01.2014 год |

## Шематски прикази на технолошките активности во ТАБ- МАК ДОО




Скица на рециклажа




Скица на постројката за сепарација




Скица на патронски филтер во погонот за рециклирање (производство на секундарно




Шема на млин




Воден филтер од типот PVM







ФОРМАЦИЈА
Миење
Испитување/ теститање (шок тест)
Етикетирање и пакување на батериите
Готов производ
Навртување на капи на батеријата
Полнење со нова киселина
Истурање на киселина
Отпадна вода
Акумулатор
Машина за полнење на акумулатори
Филтерска единица
ПОФО: ММ1
Водни бањи (кади) за формирање на акумулатор
Водни бањи (кади) за формирање на акумулатор
Водни бањи (кади) за формирање на акумулатор
H2SO4
ДМ Вода
ПОФО: ММ2
Акумулатор
Филтерска единица
ЛЕГЕНДА:
ПОФОММ1 – Формација Мерно место 1
ПОФОММ2 – Формација Мерно место 2


ПРОИЗВОДСТВО НА ИНДУСТРИСКИ БАТЕРИИ
ПОИБММ 1
Деминерализирана вода (ДМ вода)
Ладилни кули за процес на формација
Резервоар за концентрирана сулфурна киселина
Филтер за филтрирање на сулфурна киселина
Миење на формирани елементи
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -1-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -2-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -3-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -4-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -5-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -6-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -7-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -8-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -9-
Резервоар за сулфурна киселина со различен раствор со капацитет 4 (m3) -10-
Мешач на киселина
Миење на формирани елементи
Формација на индустриски батерии во кади со водено ладење = 24
ЛЕГЕНДА:
ПОИБММ1 - Мерно место 1


МОНТАЖА НА АКУМУЛАТОРИ ЗА СИТЕ ВИДОВИ ВОЗИЛА И ИНДУСТРИСКИ БАТЕРИИ
Линија 4
Рачно варење на елементи
Рачно лепење на капак на кутија
Автоматско поставување на гумени прстени
Автоматско чистење на капак
Автоматско дихтување
Меѓуќелијско варење
Автоматско лепење на кутија на капак
Варење на полови изводи
Дихтување
Палетизирање
Линија 3
Комплетирање елементи
Автоматско варење на ќелии
Испитување на краток спој
Меѓукелијско варење
Лепење на капак на кутија
Варење на полови изводи
Дихтување
Палетизирање
ПОМО ММ2
Линија 3 и 4 кон филтерска единица
Линија 1 и 2 кон филтерска единица
Линија 2
Комплетирање елементи
Автоматско варење на ќелии
Испитување на краток спој
Меѓукелијско варење
Лепење на капак на кутија
Варење на полови изводи
Дихтување
Палетизирање
ПОМО ММ1
Линија 1
Комплетирање елементи
Автоматско варење на ќелии
Испитување на краток спој
Меѓукелијско варење
Лепење на капак на кутија
Варење на полови изводи
Дихтување
Палетизирање
граници на погон
Легенда: ПОМОММ1-погон монтажа мерно место 1; ПОМОММ2-погон монтажа мерно место 2
O2 станица

## 1.5 Заштита на подземните води

1.5.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорени со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Складирање и ракување со суровини, помошни материјали, производи и отпад | Дополна на барањето ,додаток V.1.1 | 10.01.2014 год |
| Преглед на начинот на предавање и одлагање на отпадот | Дополна на барањето ,додаток V.2.1 | 10.01.2014 год |
| Одложување на отпадот во граници на инсталацијата | Дополна на барањето ,додаток V.3.1 | 10.01.2014 год |

1.5.2 Товарењето и истоварањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа, заштитени од истурање и истекување

1.5.3 Операторот во складиштето ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни апсорпциски материјали за да го задржат и абсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби апсорпцискиот материјал ќе се складира на соодветно место.

1.5.4 Сите резервоари и цевоводи ќе се одржуваат соодветно на материјалите кои се пренесуваат низ или се складираат во нив. Интензитетот и притисокот на водата во сите подземни цевки, садови, преносни структури и контејнери и нивниот отпор при пробивање на вода или други материјали кои се пренесуваат или складираат во нив ќе се тестира или демонстрира од страна на операторот. Ова тестирање ќе се изврши од страна на операторот најмалку еднаш на секои 3 (три) години и ќе се пријави кај Надлежниот орган при секое извршување. Ова тестирање ќе се извршува според било кои насоки кои се издадени од страна на Надлежниот орган. Писмен запис од тестовите за исправност и било какво одржување или поправки кои произлегуваат од нив ќе се извршуваат од страна на инсталацијата која е носител на Дозволата.

1.5.5 Дренажните системи, танк-ваните, ќе се прегледуваат неделно и соодветно ќе се одржуваат во секое време.

1.5.6 Целиот простор за складирање во резервоари и буриња, како минимум треба да бидат оградени локално или да имаат оддалечен собирен базен поврзан со канал чиј волумен не е помал, од 110% од капацитетот на најголемиот сад или буре во рамките на оградената облас

1.5.7 Сите влезни и излезни приклучоци, вентилациони цевки и приклучоци за мерење мора да бидат во рамките на танк-ваната.

1.5.8 Сите резервоари, контејнери и буриња ќе бидат јасно означени за да се знае точно нивната содржина;

1.5.9 Се задолжува операторот скадирањето на репроматеријалот за работа (оловно-киселинските акомулатори )да го складира и чува само во посебно изграден склад за оваа намена.Подот во овој склад мора да биде изграден согласно законските прописи за времено складирање на опасен отпад.

1.5.10 Се задолжува операторот да сите складишта за опасни материјали кои се користат во инсталацијата да ги изведе и одржува во согласност со позитивните законските пропис

## 1.6 Ракување и складирање на отпадот

1.6.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено. Операторот ќе обезбеди отпадот, пред да се пренесе на друго лице, соодветно се спакува и се означи согласно Националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување

**Табела 2.5.1 : Заштита на подземните води**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| Складирање и ракување со суровини, помошни материјали, производи и отпад | Дополна на барањето ,додаток V.1.1 | 10.01.2014 год |
| Преглед на начинот на предавање и одлагање на отпадот | Дополна на барањето ,додаток V.2.1 | 10.01.2014 год |
| Одложување на отпадот во граници на инсталацијата | Дополна на барањето ,додаток V.3.1 | 10.01.2014 год |

**Табела 2.5.2 : Отпад складиран на самата локација**

| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
|---|---|---|---|
| Оловен оксид, прашина од вреќасти филтри, згура, паста и оловна легура | Интерна депонија | Со селектирање | Внатрешно контролирана област |

1.6.1 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа и согласно законските прописи..

1.6.2 Доколку не е одобрено написмено од страна на Надлежниот орган, на Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со неопасен отпад

1.6.3 Како дел од годишното известување за животната средина секои 12 месеци ќе приложува План на кој се прикажани местата за складирање на отпадот.

1.6.4 Не покасно од 6 (шест) месеци од датумот на издавањето на дозволата Операторот ќе подготви план за управување со отпадот, кој ќе го одобри Надлежниот орган, со вклучени информации за условите на складирање, транспорт и одлагање и ако има потреба ќе обезбеди копии од договорите за продавање и превземање на отпадот

1.6.5 Се препорачува на инсталацијата да продолжи со востановената пракса за селекција,собирање и складирање со отпадот создаден во инсталацијата.

## 1.7 Преработка и одлагање на отпад

